Сиг. 0801-43

Инв. бр. 1/7

# ГРАЃАНСКА КУЛТУРА

Овој материјал е подготвен за наставниците кои се задолжени за реализацијата на проектните активности од областа на граѓанската култура, со цел да им даде насоки на кој начин да ги планираат, организираат и реализираат овие проектни активности.

Во него се обработени неколку клучни аспекти и тоа:

- потреба од воведувањето на проектните активности од областа на граѓанската култура во гимназиското образование;
- општите и посебните цели на овој вид проектни активности;
- можни области и теми во рамките на проектните активности - граѓанска култура;
- начинот на организацијата и реализација на проектните активности;

## *1. ПОТРЕБА*

1. Една од основните стратешки цели кои треба да ги постигне образованието во Р.Македонија е создавање активно граѓанство. Поточно Министерството за образование и наука, во декадата што претстои има задача преку разни форми на формално и неформално образование да " создаде можности за непречена социјална инклузија и партиципација на младите и возрасните... Ќе превзема интервенции за да се осигури дека образованието ќе ги екипира младите со знаења и способности за активно граѓанство".

Проектните активности од областа на граѓанската култура се во функција на задоволување на оваа стратешка цел на образованието.Учениците преку овие проектни активности ќе усвојуваат граѓанските вредности, ќе се вклучуваат во демократските процеси, ќе стекнат неопходна политичка социјализација.

2. Во образованието денес, особено во гимназиското во последните неколку години интензивно се вршат промени во насока на подобрување на неговиот квалитет и обезбедување на трајни знаења кај учениците во функција на успешно продолжување на образованието на високо образовните институции како и систематско развивање на нивните индивидуални и интелектуални способности (апстрактно мислење, анализирање, ситетизирање, проучување и истражување, морални, естетски и граѓански вредности).

Сознанијата и искуствата пак од земјите со високо развиена образовна технологија, упатуваат на заклучокот дека училиштето во иднина треба да претставува лабораторија за активно учење и работа на учениците. Наставната работа во сите свои сегменти треба да добие соодветен облик на истражувачка работа.

Проектните активности нудат токму таков облик на работа и затоа тие се од особено значење и важност во гимназиското образование.

- да стекнат практични искуства кои ги унапредуваат нивните компетенции и ефикасност;
- да развијат вештини за активно учество во разрешување на проблеми;
- да влијаат врз власта при донесувањето на одлуки;
- да умеат да ги заштитат граѓанските права;
- да се научат како да го искажуваат своето мислење;
- да умеат да разработат план на активности
- да развиваат вештини за групна работа;
- да изградат чувство на одговорност во групата;
- да умеат да користат литература и информации за даден проблем;
- да умеат да селектираат информации;
- да изградат култура на говорење, пишување и толкување;

## *3. ОБЛАСТИ И ТЕМИ*

Проектните активности од Граѓанска култура опфаќаат повеќе области, но се препорачуваат следните:

- Демократија во Р.Македонија
- човековите права
- граѓански права и должности
- вработеност, невработеност, сиромаштво, миграции
- култура на живеење, стилови на живот
- култура, културен плурализам
- социјалниот живот –социјална политика
- вредности, норми, обичаи
- користење на слободното време на рационален начин
- општесвени девијации
- разрешување на конфликти
- влијанието на мас-медиумите и младите (телевизијата и насилството, новите електронски медиуми, светот на виртуелноста)
- религијата во современите општества (нови религиски движења)
- злоупотреба на деца
- планирање на семејството
- трговија со луѓе
- насилничко однесување на младите
- злоупотреба на младите во политички цели
- младите и моралот
- хуманитарно дејствување
- еднаквост меѓу родовите

предлагаат алтернативни решенија за проблемот, да одлучуваат, да превземаат акција.

Активностите можат да се реализираат во училиштето и надвор од него, во други соодветни институции.

Во текот на реализацијата на програмата учениците ќе имаат можност да применуваат интерактивни методи на работа и современи техники на учење.

Наставникот е ментор, координатор на активностите, дава упатства за работа, прегледува, насочува, ја следи работата на учениците. Секоја проектна активност што ја води ученикот или група ученици, треба да ја евидентира во посебен дневник за евиденција.

Наставникот треба да води грижа дали се вклучени сите ученици во проектните активности согласно нивните способности и интереси и дали тие имаат увид во целокупната проектна активност. Доказ за добро извршена задача е потписот на наставникот (ментор кој ја следи работата на учениците), кој треба да стои на евидентниот лист кој го пополнува ученикот после секоја завршена активност.

Доколку ученикот во текот на гимназиското образование повторно го избере подрачјето граѓанска култура, истражуваниот проблем треба да се постави на повисоко ниво, односно треба да се продлабочи делот за водење проекти (длабински истражувања), а учениците да се насочат кон истражување на покомплексни прашања од истражуваниот проблем.

За реализација на проектните активности за граѓанска култура соодветен наставник е оној кој има завршени студии по социологија, филозофија и одбрана и заштита.